Solarico®

# UniQube

## Иновативни Композитни Централни Бојлери




TÜV HESSEN
QUALITY 30 YEARS GUARANTEE
ISO 9001 LL-C (Certification)

# Упатство за употреба

- ☐ Соларен бојлер Drain Back SQ-BPSWEH DB
- ☐ Комбиниран бојлер SQ-BPSW-6C
- ☐ Комбиниран бојлер SQ-BPSW
- ☐ Комбиниран бојлер со електричен греач и термостат SQ-BPSWEH
- ☐ Проточен бојлер, акумулатор SQ-BPW HP-Ready
- ☐ Проточен бојлер, акумулатор SQ-BPW
- ☐ Проточен бојлер, акумулатор со електричен греач и термостат SQ-BPWEH
- ☐ Соларен акумулатор SQ-BPS
- ☐ Хидрауличен сепаратор SQ-BP
- ☐ Бафер акумулатор SQ-B

# СОДРЖИНА

Вовед ........................................................................................................................ 3
Општи информации ......................................................................................... 4-8
Инсталација и монтажа ..................................................................................... 9-13
Цртежи и димензии ........................................................................................ 14-29
Додатоци ................................................................................................................ 30-31
Гарантна изјава ........................................................................................................ 32-33

# ВОВЕД

## Важно

Драги купувачи,

Ние силно ве уверуваме дека производот купен од нас ќе донесе комфорт во вашите домови и ќе ја зголеми енергетската ефикасност во истите.

**Прочитајте го и разберете го водичот за инсталација и ракување внимателно пред да отпочнете со инсталација, стартување, ракување или сервис. Инсталирањето и сервисот мора да бидат изведени од единствено служби или фирми кои се искусни и вешти инсталатери и/или сервисери.**

Овој прирачник содржи важни информации за правилно инсталирање и ракување со овој бојлер акумулатор.

Овој прирачник е составен дел од производот, и е потребно да го чувате блиску до уредот, да ви биде достапен за да можете да се повикате на гарантната изјава.

За било какви прашања или други проблеми, ве молиме контактирајте го оделот за услуги за купувачи на производителот или локалниот претставник на производителот.

## Безбедносни симболи

Овој водич ги користи симболите кои се однесуваат на сигурносните информации и инструкции а кои се однесуваат и на УниКјуб бојлерот, за да го предупредат било кого за потенцијалните опасности.

Ова е симбол за опасност по безбедноста. Тој се користи за да ве предупреди на опасност од лични повреди. Почитувајте ги сите пораки за безбедност кои го следат овој симбол за да избегнте евентуална повреда или смрт.

**Опасност**

Укажува на претстојно опасна ситуација којашто доколку не се избегне би можела да резултира со повреда или смрт.

**Предупредување**

Укажува на потенцијално опасна ситуација којашто доколку не се избегне, би можела да резултира
со повреда или смрт.

**Претпазливост**

Укажува на непосредно опасна ситуација којашто доколку не се избегне би можела да резултира со повреда или смрт.

**Забелешка**

Важна информација

Сите безбедносни пораки се однесуваат на потенцијани опасности. Следете ги инструкциите од ова упатство за да избегнете ризик од повреда.

# ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

## Модели и употреба

УниКјуб бојлерите се достапни како:

- Соларен бојлер Drain Back SQ-BPSWEH DB
- Комбиниран бојлер SQ-BPSW-6C
- Комбиниран бојлер SQ-BPSW
- Комбиниран бојлер со електричен греач и термостат SQ-BPSWEH
- Проточен бојлер, акумулатор SQ-BPW HP-Ready
- Проточен бојлер, акумулатор SQ-BPW
- Проточен бојлер, акумулатор со електричен греач и термостат SQ-BPWEH
- Соларен акумулатор SQ-BPS
- Хидрауличен сепаратор SQ-BP
- Бафер акумулатор SQ-B

УниКјуб бојлерите акумулатори се наменети за употреба во системи за топловодно централно греење, соларни термални системи и комбинирани системи.

УниКјуб бојлерите се наменети да работат перманентно врзани на водоводна мрежа.

Секој модел мора да биде инсталиран и употребуван на начин кој е опишан во овој прирачник, и во согласност со условите чии детали се запишани на натписната налепница.

**ЗАБЕЛЕШКА:** Опремата треба да биде инсталирана во согласност со регулативите за инсталирање на регионот каде што ќе биде изведена инсталацијата. Тие регулативи треба внимателно да бидат имплементирани во сите случаи. Органите кои имаат надлежност треба да бидат консултирани пред започнување на инсталирањето на производот. Сите ужичувања на бојлерите акумулатори треба да се изведат во согласност со националниот правилник за електрични инсталации и/или локалните регулативи.

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ:** Користете го овој бојлер акумулатор само во хидронички системи за греење. Инсталатерот мора да ги имплементира сите правила за инсталирање на водоводни системи. Не го ракувајте уредот над граничните температура и/или притисок кои се зададени на натписната налепница. Непочитувањето до ова предупредување може да резултира со телесна повреда, имотно оштетување или смрт.

## Квалитет на водата

**Влијание на бигорот**

Хемискиот дисбаланс на изворот на водата може да ја намали ефикасноста во греењето на бојлерот акумулатор и пропратната опрема. Соларико препорачува да се користи вода со квалитет кој е професионално анализиран за да се одреди дали е потребно да се инсталира омекнувач на вода.
Важно е да се провери хемискиот состав на водата пред да се инсталира бојлерот акумулатор, за да се знае дали квалитетот на водата ќе има влијание на доверливоста на системот. Во прилог, загревање на вода на температури над 57 $^{0}$ Целзиусови го убрзува оформувањето на бигор и може да го скрати животниот век на бојлерот акумулатор. Според досегашните искуства, појава на бигор со дебелина од 1мм ќе резултира со намалена ефикасност од околу 10%. Во екстремни случаи слоевите од бигор може да ги оштетат изменувачите на топлина.

**Влијание на корозијата**

Високите pH вредности на водата, кои се над 11 единици, може да предизвикаат оштетувања на гумените заптивки, а многу ниските pH вредности, под 6 единици, може да предизвикаат оштетување на изменувачите на топлина од не’рѓосувачки челик. Зависно од материјалите кои се користени во системот за греење Соларико препорачува pH вредноста на водата да се одржува помеѓу 8,2 и 10.

## Неприфаќање на одговорност

Соларико не е одговорен за штета настаната како резултат на употреба која не е декларирана во упатството

Соларико не е одговорен во случај на:

- Инсталирање или ракување на уредот или неговите составни делови спротивно на инструкциите содржани во овој памфлет
- Непрофесионално инсталирање или ракување на уредот или неговите составни делови
- Инстлирање или ракување на уредот или неговите составни делови на начин кој не е опишан во овој памфлет, и на начин кој не е дополнително одобрен од страна на производителот во писмена форма
- Промена, замена или отстранување на уредот или на неговите составни делови без писмено одобрение на производителот.

# ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

## Безбедносни упатства

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ:** При користење на додатоци кои работат на електрична енергија, како електричен греач и термостат, потребно е да се следат мерки на основна безбедносна претпазливост за да се редуцира ризикот од пожар, електричен шок, или други повреди на луѓето, вклучувајќи:

- Овој бојлер акумулатор мора да биде заземјен. Поврзете го заземјувањето на соодветниот приклучок.
- Локацијата на инсталирањето на овој бојлер мора да биде во согласност со дадените инструкции за инсталација.
- Користете го овој бојлер само за намените кои се опишани во ова упатство.
- Како и за сите дуги апарати, потребен е надзор доколку го ракуваат деца.
- Не ракувајте со овој бојлер доколку има оштетени спојки или приклучоци, доколку не работи правилно, или доколку бил оштетен или фрлен како отпад.
- Овој бојлер може да биде сервисиран единствено од квалификувани сервисери. Контактирајте го најблискиот овластен сервис или претставништво на производителот за проверка, поправка или прилагодување.

**ЗАБЕЛЕШКА:** Сите луѓе кои ќе се грижат и ќе го ракуваат овој уред мора да ги имаат прочитано и разбрано упатствата за составување и ракување пред да почнат да работат со истиот. Истото важи и за тие што имале претходно искуство со ист или сличен тип на уред, или кои веќе биле обучени од производителот.

**ОПАСНОСТ:** Поставување на температура на вода:
Безбедноста и заштедата на енергија се фактори кои треба да бидат земени во предвид при поставувањето на температурата на загревање на водата на термостатот од електричниот греач. Температури на вода поголеми од 51°C може да предизвикаат тешки изгоретини или смрт. Осигурајте се дека сте ја разбрале предупредувачката слика подолу во ова упатство..

Температурата на водата во овој бојлер може да биде регулирана со дигитален контролер, или/и електричен термостат кој може да биде инсталиран под горниот капак, мешачки вентил или друг уред. За постигнување сообразност со безбедносните регулативи ние препорачуваме корисникот да го постави загревањето на санитарната топла вода од бојлерот на температура не повисока од 51°C.

# ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ




**ЗАБЕЛЕШКА:** Постојат мешачки вентили за намалување на температурата на топлата вода со мешање на топлата вода со ладна вода. Контактирајте лиценциран водоводџија или локален експерт за водовод за понатамошни инструкции.

**ОПАСНОСТ:** Жешката вода го зголемува ризикот од изгореници од жешка вода.

**ОПАСНОСТ:** Домаќинствата со мали деца, лица со посебни потреби, или стари лица може да имаат потреба од 49°C или пониска поставена вредност на термостатот поради превенција од контакт со жешка вода.

**ОПАСНОСТ:** Уредот не е предвиден за користење од страна на лица (вклучително и деца) со редуциран физички, сензибилни или ментални способности, или со недостаток на искуство и/или знаење, освен ако имаат супервизија или инструкции кои се однесуваат на користењето на уредот од страна на лице одговорно за нивната безбедност.
Децата треба да бидат надгледувани поради осигурување дека нема да играат со уредот

## Отстранување

При евентуално отстранување на уредот, тоа треба да биде изведено во согласност со локалните законски регулативи, препораки и стандарди за рециклирање, повторна употреба или отстранување.

# ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

## Одржување

Препорачаниот сигурносен притисочен вентил мора да биде периодично тестиран.
Од сигурносниот притисочен вентил може да истече вода и затоа овој отвор мора да биде отворен према атмосферата.
Сигурносниот притисочен вентил треба редовно да се чисти од наслаги и да се осигура дека не е блокиран.
Резервоарот на УниКјуб бојлерите нема потреба да се сервисира до корозија бидејќи е изработен од некородирачки материјали.
Рутинско превентивно одржување.
Правилно одржуван, вашиот бојлер ќе ви овозможи со години сигурна услуга без проблеми.
Програма за рутинско рпевентивно одржување треба да биде усвоена од страна на корисникот. Доколку се користи електричен греач, препорачуваме периодична проверка на неговите контроли, грејниот елемент и ужичувањето треба да бидат инсталирани од страна на лице квалификувано за работа со електрични уреди.

1. Барем еднаш годишно рачно вклучете го на “on” сигурносниот притисочен вентил, за да се осигурате дека вентилот е слободен за работа и дозволете неколку литри вода да истечат низ неговага линија за празнење. Осигурајте се дека линијата за празнење завршува во отворена дренажа.

**ОПАСНОСТ:** Пред рачно да го стартувате сигурносниот вентил осигурајте се дека никој нема да биде во опасност да дојде во допир со жешката вода која ќе истече од него. Водата може да биде доволно жешка да рпедизвика изгореници. Ослободената вода мора директно да биде спроведена преку дренажна цевка во слободен одвод.

**ЗАБЕЛЕШКА:** Ако сигурносниот притисочен вентил периодично испушта вода, тоа може да е поради термална експанзија во затворен воден систем. Контактирајте го вашиот водоснабдувач или водоводџија како да ја корегирате оваа појава. НЕ ГО ЗАТВОРАЈТЕ отворот на сигурносниот вентил.

2. Постои можност резервоарот на бојлерот да стане таложник на цврсти честици кои ги содржи водата или кои се ослободени од елементите на грејните кругови. Наш совет е неколку литри вода  да се испуштаат секој месец од најниската точка на бојлерот - спојка „J“ со цел исфрлање на честиците. Зависно од тоа дали и колку талог се појавува, така треба да го одредите периодот на чистење на истите.

3. Брзо и отсечно затворање на отворените чешми и/или вентили може да предизвика појава на звук на т.н. „воден чекан“. Во продажба постојат уреди кои го редуцираат овој звук. Контактирајте го вашиот водоводџија за повеќе инфомации.

Доколку користите електричен греач:
4. Повеќето електрични уреди прават звук кога се активни, дури и кога се нови. Ако звук на свирење и кркорење се појави и се зголемува,можно е да електричниот греач има потреба од чистење. Контактирајте го вашиот инсталатер или водоводџија за совет.

5. Во околината на бојлерот не смее да се чуваат запаливи течности како бензин или разредувачи, лепила или други запаливи материи.

## Инструкции за инсталатерот

- За време на инсталирањето и ракувањето, мора да се земат во предвид барањата и регулативите на државата:
- Регулативите и нормите во однос на споевите на инсталацијата со безбедносните уреди
- Безбедност при работа за време на инсталирањето – лична заштитна опрема за луѓето кои ќе ја изведуваат инсталацијата

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ:** Подготовките, инсталирањето и пуштањето во работа мора да бидат изведени од авторизирани професионални инсталатери / сервисери.

**ПРЕТПАЗЛИВОСТ:** Локалните регулативи за градби за инсталирање на бојлер акумулатор мора да бидат земени во предвид; тежината на бојлерот мора да биде во согласност со стабилноста на подот од просторијата во која ќе биде инсталиран.

## Услови на просторијата во која ќе биде инсталиран бојлерот

Обезбедете доволно достапен простор за време на инсталирањето, помеѓу уредот и ѕидовите или други предмети во близина, за да може да се инсталираат спојните линии. Ова е потребно само на спојната страна. Останатите три страни може да бидат позиционирани до самите ѕидови.
Просторијата во која ќе биде инсталиран УниКјуб бојлерот мора да има одводен, дренажен систем за вода.

**ПРЕТПАЗЛИВОСТ:** Просторијата мора да е термички изолирана за да придонесе во ефикасноста на уредот и поради превентива од замрзнување на водата.

## Услови на инсталацијата на бојлер акумулаторот

**ЗАБЕЛЕШКА:** Должината на спојните цевки помеѓу бојлер акумулаторот и потрошувачите на топлина мора да бидат што е можно пократки.

**ЗАБЕЛЕШКА:** Инсталирајте го бојлер акумулаторот што е можно поблиску до генераторот на топлина за топлинските загуби да се намалат на најниско можно ниво. Обезбедете минимум цевна должина до потрошувачите на топлина.

# ИНСТАЛАЦИЈА И МОНТАЖА

## Транспорт и пакување

Ние препорачуваме достава на вашиот бојлер акумулатор директно до местото на инсталација на палета и во оригинално пакување.

За време на транспортот и инсталирањето, зависно од тежината, задолжително мора да користите соодветна безбедносна опрема во согласност со директивата на Европска Унија – „ Directive 2006/42/EC".

Кога се превозуваат предмети што тежат повеќе од 30 кг, задолжително е користење на рачен виљушкар – „палетар", виљушкар или други дигалки.

**ЗАБЕЛЕШКА:** Бојлерот акумулатор е доставен со целосно инсталирана изолација. Обезбедете еколошки тип на отстранување на транспортниот отпаден материјал и материјалот искористен за пакување на производот.

**ОПАСНОСТ:** Возможно е бојлер акумулаторот случајно да се помести за време на транспортот.

**ОПАСНОСТ:** Зголемена опасност од занишување и нестабилност при подигање на бојлер акумулаторот од дрвената палета и за време на транспортот на палетар, виљушкар или друг транспортен уред. Постои опасност од материјална штета или повреда. Обезбедете соодветни заштитни мерки како превенција од нестабилност и занишување на уредот.

## Монтажа

**ЗАБЕЛЕШКА:** Задолжителна е усогласеност со локалните регулативи за превенција од несреќен случај, со законските побарувања, директиви и водичи.

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ:** Припремите, инсталирањето и пуштањето во работа мора да бидат изведени од авторизирани професионални инсталатери или сервисери.

**ЗАБЕЛЕШКА:** Наша препорака е да се инсталира експанзионен сад на линијата за ладна вода од системот за вода за пиење помеѓу сигурносниот вентил и бојлерот, со цел да ги амортизира промените на притисок, водените шокови и да превенира непосакувани истекувања на вода.

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ:** За „Дреин Бек“ моделот не надминувајте: работен притисок од 6 бари на резервоарот, 10 бари на изменувачот за топла вода и 1,5 бари на изменувачот на соларниот круг. За другите модели не надминувајте: работен притисок од 6 бари на резервоарот, 10 бари на изменувачот за топла вода и 10 бари на изменувачот на соларниот круг.

Инсталирање на сигурносен притисочен вентил, и вентил за автоматско обезвоздушување се задолжителни за сите хидраулични кругови:

- круг на санитарна топла вода помеѓу спојките A и B
- круг на топловодно греење помеѓу спојките C", "E", "I", "J" и
- круг на соларниот систем помеѓу спојките K и G кај Дрен Бек моделот или F и G кај останатите соларни модели

Препорачуваме инсталирање на контролер на притисок на секоја влезна линија

Цевката за празнење на сигурносниот притисочен вентил да биде инсталирана со континуиран надолен пад.

**ЗАБЕЛЕШКА:** Затнете ги со соодветни штопни/чепови спојките од бојлерот кои не ги користите.

**ПРЕТПАЗЛИВОСТ:** Бојлерот мора да биде интегриран во систем за топловодно греење во согласност со инструкциите за поврзување дадени во оваупатство.

# ИНСТАЛАЦИЈА И МОНТАЖА

## Монтажа на сензори и ужичување

Сензорите од автоматизацијата на процесот на греење не се составен дел од УниКјуб бојлерите. Зависно од типот, УниКјуб бојлерите се снабдени со максимум 4 отвори за сензори.
Отворите за сензорите се наоѓаат на горната страна на бојлерот, под горниот капак.

1. Подигнете го горниот капак од бојлерот паралелно на бојлерот, држејќи го на спротивни страни.



2. Зад изолациониот џакет, изберете и отворете ги потребните нажлебени капачиња. Внесете ги каблите во страничните отвори на металниот држач (каблите за сонди, електричен термостат и електричен греач).



3. Внесете ги сондите во соодветните обележани отвори за сонди на дорниот дел ор бојлерот, под капакот:

- S2 Сонда за мерење температура на соларен изменувач
- S3 Сонда за мерење на температура на домашната хигиенска топла вода
- S4 Сонда за мерење температура на системот за греење
- S5 Сонда за заштита од прегревање
- Sth Сонда од електричен термостат за мерење температура на врвот од бојлерот







Моделите без електричен греач ги имаат S2, S3, S4 и S5 сондите.

## Додатоци

Спојни гумени заптивки се составен дел од овој бојлер. Користете **ДЕБЕЛОЅИДНА ДУПЛА НИПЛА** за приклучок на холендерите од бојлерот.



Следните табели ги покажуваат позицииите на сондите за мерење на температури во бојлерот

| SQ 440/800 | Позиција | B | BP | BPS | BPW | BPSW |
|---|---|---|---|---|---|---|
| S2 Солар сензор | од горе | | | 1550 mm | | 1550 mm |
| S3 DHW сензор | од горе | | | | 900 mm | 900 mm |
| S4 Сензор за греење | од горе | 140 mm | 140 mm | 140 mm | 140 mm | 140 mm |
| S5 Заштита од прегревање | од горе | 140 mm | 140 mm | 140 mm | 140 mm | 140 mm |
| Sth Електричен термостат | од горе | 450 mm | 450 mm | 450 mm | 450 mm | 450 mm |

| SQ 310 | Позиција | B | BP | BPS | BPW | BPSW |
|---|---|---|---|---|---|---|
| S2 Солар сензор | од горе | | | 1110 mm | | 1110 mm |
| S3 DHW сензор | од горе | | | | 600 mm | 600 mm |
| S4 Сензор за греење | од горе | 140 mm | 140 mm | 140 mm | 140 mm | 140 mm |
| S5 Заштита од прегревање | од горе | 140 mm | 140 mm | 140 mm | 140 mm | 140 mm |
| Sth Електричен термостат | од горе | 450 mm | 450 mm | 450 mm | 450 mm | 450 mm |

## Вентил за обезвоздушување

УниКјуб бојлер акумулаторот нема посебен отвор со спојка за инсталирање на вентил за обезвоздушување, па затоа истиот мора да биде инсталиран на сврзната цевка на најсвисоката точка од резервоарот.
Тоа е цевката која се приклучува на конекторот „Е“.

## Прво полнење на бојлерот

УниКјуб се полни преку спојките од страната на греењето. Се препорачува да се инсталира сигурносен притисочен вентил и периодично да се проверува неговата функционалност. Нормална е појава на бука во вид на крцкање за време на полнењето на бојлерот.

## Празнење на бојлерот

Просторијата во која е инсталиран УниКјуб бојлер акумулаторот мора да има одводен дренажен систем за вода. Се препорачува да се инсталира испустен дренажен, вентил, надворешно поврзан за спојката со ознака „Ј“.

## Изолирање

За да се избегни загуба на топлина, сите надворешни спојни елементи мора да бидат изолирани.

# ЦРТЕЖИ И ДИМЕНЗИИ

**Важни инструкции за Дреин Бек бојлерот:**
Соларниот круг да се заштити со сигурносен притисочен вентил од 1,5 бар
Сончевите колектори мора да бидат инсталирани со наклон од минимум 2% или 2 cm/m
Цевната мрежа на соларниот круг треба да биде изведена со наклон од минимум 5% или 5 cm/m.
**Внимание:** Максималниот волумен на соларниот круг, без дренажниот резервоар, треба да биде 1,5 пати помал од дренажниот резервоар, односно 26Л.






| UNIQUBE DRAIN BACK MODEL - КОМБИНИРАН БОЈЛЕР | | |
|---|---|---|
| TYPE SQ-BPSW DB | | 310 |
| D (дијаметар) | (mm) | 620 |
| D1 (дијаметар) | (mm) | 600 |
| H1 (висина) | (mm) | 1300 |
| H2 (висина) | (mm) | 140 |
| h (растојание меѓу спојки) | (mm) | 1470 |
| h1 (растојание меѓу спојки) | (mm) | 370 |
| H (висина) | (mm) | 2000 |
| a (ширина) | (mm) | 734 |
| макс. работна темп. | (°C) | 90 |
| макс. работен прит. | (bar) | 6 |
| макс. тест прит. | (bar) | 9 |
| нето волумен на резервоар | (l) | 290 |
| приближна маса | (kg) | 104 |
| S2 сензор солар | (mm) | 1110 |
| S3 сензор хигиенска вода | (mm) | 600 |
| S4 сензор греење | (mm) | 140 |
| S5 сензор прегревање | (mm) | 140 |
| Пивот димензија (дијагонала) | (mm) | 2130 |
| **Соларен изменувач на топлина** | | |
| спојки K, G | | 5/4” |
| макс. работен прит. | (bar) | 1,5 |
| макс. тест прит. | (bar) | 2,5 |
| капацитет на изменувач | (l) | 5 |
| површина на изменување | ($m^2$) | 1,2 |
| волумен | (l) | 40 |
| **Изменувач на топлина за хигиенска вода** | | |
| спојки A, B | | 5/4” |
| макс. работен прит. | (bar) | 10 |
| макс. тест прит. | (bar) | 15 |
| капацитет | (l) | 15 |
| површина на изменување | ($m^2$) | 3,8 |

A -Влез, на ладна вода
B -Излез, на топла вода
C -Влез, од грејни тела
E -Излез, кон грејни тела
K -Влез, од соларни колектори
G -Излез, кон соларни колектори
I -Влез, од котел
J -Излез, кон котел

S2 Сонда за мерење температура на соларен изменувач
S3 Сонда за мерење на температура на домашната хигиенска топла вода
S4 Сонда за мерење температура на системот за греење
S5 Сонда за заштита од прегревање
Sth Сонда од електричен термостат за мерење температура на врвот од бојлерот

**ВНИМАНИЕ: Прикажаната шема е илустративна** и не потврдува комплетност од било кој аспект! Реализацијата на инсталацијата треба да биде спроведена во согласност со локалните стандарди и одредби.




## Комбиниран бојлер „дреин бек“

1. Цирк. пумпа од топлинска пумпа
2. Цирк. пумпа од котел
3. Цирк. пумпа за радијатори
4. Цирк. пумпа за подно греење
5. Вентил
6. Неповратен вентил
7. Циркулациона пумпа
8. Цирк. пумпа за колектори
9. Компензатор
10. Топлинска пумпа
11. Котел
12. Радијатори
13. Подно греење
14. Сигурносен вентил
15. Распределители/Собирници
16. Вентили за полнење
17. Експанзионен сад
18. Трокрак вентил
19. Трокрак вентил
20. UniQube SQ-BPSW Комбиниран бојлер
21. UniPlate 2.5 SB Соларни термални колектори



# ЦРТЕЖИ И ДИМЕНЗИИ






| UNIQUBE MODEL - КОМБИНИРАН БОЈЛЕР | | | | |
|---|---|---|---|---|
| TYPE SQ-BPSW-6C | | 310 | 440 | 800 |
| D (дијаметар) | (mm) | 620 | 620 | 890 |
| H1 (висина) | (mm) | 1300 | 1730 | 1730 |
| h (растојание меѓу спојки) | (mm) | 1320 | 1750 | 1750 |
| спојки C,E,P,Q,I,J,T,U | | 5/4" | 5/4" | 5/4" |
| H (висина) | (mm) | 1570 | 2000 | 2000 |
| a (ширина) | (mm) | 725 | 725 | 960 |
| макс. работна темп. | (°C) | 90 | 90 | 90 |
| макс. работен прит. | (bar) | 6 | 6 | 6 |
| макс. тест прит. | (bar) | 9 | 9 | 9 |
| нето волумен | (l) | 290 | 413 | 773 |
| приближна маса | (kg) | 104 | 130 | 160 |
| S2 сензор солар | (mm) | 1110 | 1550 | 1550 |
| S3 сензор хигиенска вода | (mm) | 600 | 900 | 900 |
| S4 сензор греење | (mm) | 140 | 140 | 140 |
| S5 сензор прегревање | (mm) | 140 | 140 | 140 |
| висина при навалување | (mm) | 1730 | 2130 | 2219 |
| Соларен изменувач на топлина | | | | |
| спојки F, G | | 5/4" | 5/4" | 5/4" |
| макс. работен прит. | (bar) | 10 | 10 | 10 |
| макс. тест прит. | (bar) | 15 | 15 | 15 |
| капацитет | (l) | 5 | 8 | 8 |
| површина на изменување | ($m^2$) | 1,2 | 2 | 2 |
| Изменувач на топлина за хигиенска вода | | | | |
| спојки A, B | | 5/4" | 5/4" | 5/4" |
| макс. работен прит. | (bar) | 10 | 10 | 10 |
| макс. тест прит. | (bar) | 15 | 15 | 15 |
| капацитет | (l) | 15 | 19 | 19 |
| површина на изменување | ($m^2$) | 3,8 | 5 | 5 |

A - Влез, на ладна вода
B - Излез, на топла вода
C - Влез, од грејни тела
E - Излез, кон грејни тела
P - Влез, од грејни тела
Q - Излез, кон грејни тела

F - Влез, од соларни колектори
G - Излез, кон соларни колектори
T - Влез, од топл. пумпа
U - Излез, кон топл. пумпа
I - Влез, од котел
J - Излез, кон котел

S2 Сонда за мерење температура на соларен изменувач
S3 Сонда за мерење на температура на домашната хигиенска топла вода
S4 Сонда за мерење температура на системот за греење
S5 Сонда за заштита од прегревање
Sth Сонда од електричен термостат за мерење температура на врвот од бојлерот

**ВНИМАНИЕ: Прикажаната шема е илустративна** и не потврдува комплетност од било кој аспект! Реализацијата на инсталацијата треба да биде спроведена во согласност со локалните стандарди и одредби.




## Комбиниран бојлер

1. Цирк. пумпа од топлинска пумпа
2. Цирк. пумпа од котел
3. Цирк. пумпа за радијатори
4. Цирк. пумпа за подно греење
5. Вентил
6. Неповратен вентил
7. Циркулациона пумпа
8. Цирк. пумпа за колектори
9. Компензатор
10. Топлинска пумпа
11. Котел
12. Радијатори
13. Подно греење
14. Сигурносен вентил
15. Распределители/Собирници
16. Вентили за полнење
17. Експанзионен сад
18. Трокрак вентил
19. Трокрак вентил
20. UniQube SQ-BPSW Комбиниран бојлер
21. UniPlate 2.5 SB Соларни термални колектори
22. Камин со котел
23. Цирк. пумпа од камин



# ЦРТЕЖИ И ДИМЕНЗИИ






A - Влез, на ладна вода
B - Излез, на топла вода
C - Влез, од грејни тела
E - Излез, кон грејни тела

F - Влез, од соларни колектори
G - Излез, кон соларни колектори
I - Влез, од котел
J - Излез, кон котел

| UNIQUBE MODEL - КОМБИНИРАН БОЈЛЕР | | | | |
|---|---|---|---|---|
| TYPE SQ-BPSW | | 310 | 440 | 800 |
| D (дијаметар) | (mm) | 620 | 620 | 890 |
| H1 (висина) | (mm) | 1300 | 1730 | 1730 |
| h (растојание меѓу спојки) | (mm) | 1320 | 1750 | 1750 |
| спојки C,E,I,J | | 5/4″ | 5/4″ | 5/4″ |
| H (висина) | (mm) | 1570 | 2000 | 2000 |
| a (ширина) | (mm) | 725 | 725 | 960 |
| макс. работна темп. | (°C) | 90 | 90 | 90 |
| макс. работен прит. | (bar) | 6 | 6 | 6 |
| макс. тест прит. | (bar) | 9 | 9 | 9 |
| нето волумен | (l) | 290 | 413 | 773 |
| приближна маса | (kg) | 104 | 130 | 160 |
| S2 сензор солар | (mm) | 1110 | 1550 | 1550 |
| S3 сензор хигиенска вода | (mm) | 600 | 900 | 900 |
| S4 сензор греење | (mm) | 140 | 140 | 140 |
| S5 сензор прегревање | (mm) | 140 | 140 | 140 |
| висина при навалување | (mm) | 1730 | 2130 | 2219 |
| Соларен изменувач на топлина | | | | |
| спојки F, G | | 5/4″ | 5/4″ | 5/4″ |
| макс. работен прит. | (bar) | 10 | 10 | 10 |
| макс. тест прит. | (bar) | 15 | 15 | 15 |
| капацитет | (l) | 5 | 8 | 8 |
| површина на изменување | ($m^2$) | 1,2 | 2 | 2 |
| Изменувач на топлина за хигиенска вода | | | | |
| спојки A, B | | 5/4″ | 5/4″ | 5/4″ |
| макс. работен прит. | (bar) | 10 | 10 | 10 |
| макс. тест прит. | (bar) | 15 | 15 | 15 |
| капацитет | (l) | 15 | 19 | 19 |
| површина на изменување | ($m^2$) | 3,8 | 5 | 5 |

S2 Сонда за мерење температура на соларен изменувач
S3 Сонда за мерење на температура на домашната хигиенска топла вода
S4 Сонда за мерење температура на системот за греење
S5 Сонда за заштита од прегревање
Sth Сонда од електричен термостат за мерење температура на врвот од бојлерот

**ВНИМАНИЕ: Прикажаната шема е илустративна** и не потврдува комплетност од било кој аспект! Реализацијата на инсталацијата треба да биде спроведена во согласност со локалните стандарди и одредби.




## Комбиниран бојлер

1. Цирк. пумпа од топлинска пумпа
2. Цирк. пумпа од котел
3. Цирк. пумпа за радијатори
4. Цирк. пумпа за подно греење
5. Вентил
6. Неповратен вентил
7. Циркулациона пумпа
8. Цирк. пумпа за колектори
9. Компензатор
10. Топлинска пумпа
11. Котел
12. Радијатори
13. Подно греење
14. Сигурносен вентил
15. Распределители/Собирници
16. Вентили за полнење
17. Експанзионен сад
18. Трокрак вентил
19. Трокрак вентил
20. UniQube SQ-BPSW Комбиниран бојлер
21. UniPlate 2.5 SB Соларни термални колектори



# ЦРТЕЖИ И ДИМЕНЗИИ



| UNIQUBE MODEL - ПРОТОЧЕН БОЈЛЕР, АКУМУЛАТОР | | | | |
|---|---|---|---|---|
| TYPE SQ-BPW HP-READY | | 310 | 440 | 800 |
| D (дијаметар) | (mm) | 620 | 620 | 890 |
| H1 (висина) | (mm) | 1300 | 1730 | 1730 |
| h (растојание меѓу спојки) | (mm) | 1320 | 1750 | 1750 |
| спојки C,E,I,J | | 5/4” | 5/4” | 5/4” |
| H (висина) | (mm) | 1570 | 2000 | 2000 |
| a (ширина) | (mm) | 725 | 725 | 960 |
| макс. работна темп. | (°C) | 90 | 90 | 90 |
| макс. работен прит. | (bar) | 6 | 6 | 6 |
| макс. тест прит. | (bar) | 9 | 9 | 9 |
| нето волумен | (l) | 295 | 421 | 765 |
| приближна маса | (kg) | 97 | 122 | 147 |
| S3 сензор хигиенска вода | (mm) | 600 | 900 | 900 |
| S4 сензор греење | (mm) | 140 | 140 | 140 |
| S5 сензор прегревање | (mm) | 140 | 140 | 140 |
| висина при навалување | (mm) | 1730 | 2130 | 2219 |
| Изменувач на топлина за хигиенска вода | | | | |
| спојки A, B | | 5/4” | 5/4” | 5/4” |
| макс. работен прит. | (bar) | 10 | 10 | 10 |
| макс. тест прит. | (bar) | 15 | 15 | 15 |
| капацитет | (l) | 20 | 27 | 27 |
| површина на изменување | ($m^2$) | 5 | 7 | 7 |




A - Влез, на ладна вода
B - Излез, на топла вода
C - Влез, од грејни тела
E - Излез, кон грејни тела
I - Влез, од котел
J - Излез, кон котел

S3 Сонда за мерење на температура на домашната хигиенска топла вода
S4 Сонда за мерење температура на системот за греење
S5 Сонда за заштита од прегревање
Sth Сонда од електричен термостат за мерење температура на врвот од бојлерот

**ВНИМАНИЕ: Прикажаната шема е илустративна** и не потврдува комплетност од било кој аспект! Реализацијата на инсталацијата треба да биде спроведена во согласност со локалните стандарди и одредби.




## Проточен бојлер,акумулатор

1. Цирк. пумпа од топлинска пумпа
2. Цирк. пумпа од котел
3. Цирк. пумпа за радијатори
4. Цирк. пумпа за подно греење
5. Вентил
6. Неповратен вентил
7. Циркулациона пумпа
9. Компензатор
10. Топлинска пумпа
11. Котел
12. Радијатори
13. Подно греење
14. Сигурносен вентил
15. Распределители/Собирници
16. Вентили за полнење
17. Експанзионен сад
18. Трокрак вентил
19. Трокрак вентил
20. UniQube SQ-BPW Бојлер, загревач на вода



# ЦРТЕЖИ И ДИМЕНЗИИ



| UNIQUBE MODEL - ПРОТОЧЕН БОЈЛЕР, АКУМУЛАТОР | | | | |
|---|---|---|---|---|
| TYPE SQ-BPW | | 310 | 440 | 800 |
| D (дијаметар) | (mm) | 620 | 620 | 890 |
| H1 (висина) | (mm) | 1300 | 1730 | 1730 |
| h (растојание меѓу спојки) | (mm) | 1320 | 1750 | 1750 |
| спојки C,E,I,J | | 5/4" | 5/4" | 5/4" |
| H (висина) | (mm) | 1570 | 2000 | 2000 |
| a (ширина) | (mm) | 725 | 725 | 960 |
| макс. работна темп. | (°C) | 90 | 90 | 90 |
| макс. работен прит. | (bar) | 6 | 6 | 6 |
| макс. тест прит. | (bar) | 9 | 9 | 9 |
| нето волумен | (l) | 295 | 421 | 765 |
| приближна маса | (kg) | 97 | 122 | 147 |
| S3 сензор хигиенска вода | (mm) | 600 | 900 | 900 |
| S4 сензор греење | (mm) | 140 | 140 | 140 |
| S5 сензор прегревање | (mm) | 140 | 140 | 140 |
| висина при навалување | (mm) | 1730 | 2130 | 2219 |
| Изменувач на топлина за хигиенска вода | | | | |
| спојки A, B | | 5/4" | 5/4" | 5/4" |
| макс. работен прит. | (bar) | 10 | 10 | 10 |
| макс. тест прит. | (bar) | 15 | 15 | 15 |
| капацитет | (l) | 15 | 19 | 19 |
| површина на изменување | ($m^2$) | 3,8 | 5 | 5 |




A - Влез, на ладна вода
B - Излез, на топла вода
C - Влез, од грејни тела
E - Излез, кон грејни тела
I - Влез, од котел
J - Излез, кон котел

S3 Сонда за мерење на температура на домашната хигиенска топла вода
S4 Сонда за мерење температура на системот за греење
S5 Сонда за заштита од прегревање
Sth Сонда од електричен термостат за мерење температура на врвот од бојлерот

**ВНИМАНИЕ: Прикажаната шема е илустративна** и не потврдува комплетност од било кој аспект! Реализацијата на инсталацијата треба да биде спроведена во согласност со локалните стандарди и одредби.




## Проточен бојлер,акумулатор

1. Цирк. пумпа од топлинска пумпа
2. Цирк. пумпа од котел
3. Цирк. пумпа за радијатори
4. Цирк. пумпа за подно греење
5. Вентил
6. Неповратен вентил
7. Циркулациона пумпа
9. Компензатор
10. Топлинска пумпа
11. Котел
12. Радијатори
13. Подно греење
14. Сигурносен вентил
15. Распределители/Собирници
16. Вентили за полнење
17. Експанзионен сад
18. Трокрак вентил
19. Трокрак вентил
20. UniQube SQ-BPW Бојлер, загревач на вода



# ЦРТЕЖИ И ДИМЕНЗИИ






| UNIQUBE MODEL - СОЛАРЕН АКУМУЛАТОР | | | | |
|---|---|---|---|---|
| TYPE SQ-BPS | | 310 | 440 | 800 |
| D (дијаметар) | (mm) | 620 | 620 | 890 |
| H1 (висина) | (mm) | 1300 | 1730 | 1730 |
| h (растојание меѓу спојки) | (mm) | 1320 | 1750 | 1750 |
| спојки C,E,I,J | | 5/4” | 5/4” | 5/4” |
| H (висина) | (mm) | 1570 | 2000 | 2000 |
| a (ширина) | (mm) | 725 | 725 | 960 |
| макс. работна темп. | (°C) | 90 | 90 | 90 |
| макс. работен прит. | (bar) | 6 | 6 | 6 |
| макс. тест прит. | (bar) | 9 | 9 | 9 |
| нето волумен | (l) | 305 | 432 | 784 |
| приближна маса | (kg) | 91 | 114 | 137 |
| S2 сензор солар | (mm) | 1110 | 1550 | 1550 |
| S4 сензор греење | (mm) | 140 | 140 | 140 |
| S5 сензор прегревање | (mm) | 140 | 140 | 140 |
| висина при навалување | (mm) | 1730 | 2130 | 2219 |
| Соларен изменувач на топлина | | | | |
| спојки F, G | | 5/4” | 5/4” | 5/4” |
| макс. работен прит. | (bar) | 10 | 10 | 10 |
| макс. тест прит. | (bar) | 15 | 15 | 15 |
| капацитет | (l) | 5 | 8 | 8 |
| површина на изменување | ($m^2$) | 1,2 | 2 | 2 |

C - Влез, од грејни тела
E - Излез, кон грејни тела
F - Влез, од соларни колектори
G - Излез, кон соларни колектори
I - Влез, од котел
J - Излез, кон котел

S2 Сонда за мерење температура на соларен изменувач
S4 Сонда за мерење температура на системот за греење
S5 Сонда за заштита од прегревање
Sth Сонда од електричен термостат за мерење температура на врвот од бојлерот

**ВНИМАНИЕ: Прикажаната шема е илустративна** и не потврдува комплетност од било кој аспект! Реализацијата на инсталацијата треба да биде спроведена во согласност со локалните стандарди и одредби.




## Соларен акумулатор

1. Цирк. пумпа од топлинска пумпа
2. Цирк. пумпа од котел
3. Цирк. пумпа за радијатори
4. Цирк. пумпа за подно греење
5. Вентил
6. Неповратен вентил
8. Цирк. пумпа за колектори
9. Компензатор
10. Топлинска пумпа
11. Котел
12. Радијатори
13. Подно греење
14. Сигурносен вентил
15. Распределители/Собирници
16. Вентили за полнење
17. Експанзионен сад
18. Трокрак вентил
19. Трокрак вентил
20. UniQube SQ-BPS Соларен акумулатор
21. UniPlate 2.5 SB Соларни термални колектори

# ЦРТЕЖИ И ДИМЕНЗИИ



| UNIQUBE MODEL - ХИДРАУЛИЧЕН СЕПАРАТОР | | | | |
|---|---|---|---|---|
| TYPE SQ-BP | | 310 | 440 | 800 |
| D (дијаметар) | (mm) | 620 | 620 | 890 |
| H1 (висина) | (mm) | 1300 | 1730 | 1730 |
| h (растојание меѓу спојки) | (mm) | 1320 | 1750 | 1750 |
| спојки C,E,I,J | | 5/4” | 5/4” | 5/4” |
| H (висина) | (mm) | 1570 | 2000 | 2000 |
| a (ширина) | (mm) | 725 | 725 | 960 |
| макс. работна темп. | (°C) | 90 | 90 | 90 |
| макс. работен прит. | (bar) | 6 | 6 | 6 |
| макс. тест прит. | (bar) | 9 | 9 | 9 |
| нето волумен | (l) | 310 | 440 | 800 |
| приближна маса | (kg) | 85 | 106 | 127 |
| S4 сензор греење | (mm) | 140 | 140 | 140 |
| S5 сензор прегревање | (mm) | 140 | 140 | 140 |
| висина при навалување | (mm) | 1730 | 2130 | 2219 |




C - Влез, од грејни тела
E - Излез, кон грејни тела
I - Влез, од котел
J - Излез, кон котел

S4 Сонда за мерење температура на системот за греење
S5 Сонда за заштита од прегревање

**ВНИМАНИЕ: Прикажаната шема е илустративна** и не потврдува комплетност од било кој аспект! Реализацијата на инсталацијата треба да биде спроведена во согласност со локалните стандарди и одредби.




## Хидрауличен сепаратор

1. Цирк. пумпа од топлинска пумпа
2. Цирк. пумпа од котел
3. Цирк. пумпа за радијатори
4. Цирк. пумпа за подно греење
5. Вентил
6. Неповратен вентил
9. Компензатор
10. Топлинска пумпа
11. Котел
12. Радијатори
13. Подно греење
14. Сигурносен вентил
15. Распределители/Собирници
18. Трокрак вентил
19. Трокрак вентил
20. UniQube SQ-BP Хидрауличен сепаратор

# ЦРТЕЖИ И ДИМЕНЗИИ



| UNIQUBE MODEL - БАФЕР, АКУМУЛАТОР | | | | |
|---|---|---|---|---|
| TYPE SQ-B | | 310 | 440 | 800 |
| D (дијаметар) | (mm) | 620 | 620 | 890 |
| H1 (висина) | (mm) | 1300 | 1730 | 1730 |
| h (растојание меѓу спојки) | (mm) | 1320 | 1750 | 1750 |
| спојки C,E,I,J | | 5/4" | 5/4" | 5/4" |
| H (висина) | (mm) | 1570 | 2000 | 2000 |
| a (ширина) | (mm) | 725 | 725 | 960 |
| макс. работна темп. | (°C) | 90 | 90 | 90 |
| макс. работен прит. | (bar) | 6 | 6 | 6 |
| макс. тест прит. | (bar) | 9 | 9 | 9 |
| нето волумен | (l) | 310 | 440 | 800 |
| приближна маса | (kg) | 82 | 103 | 124 |
| S4 сензор греење | (mm) | 140 | 140 | 140 |
| S5 сензор прегревање | (mm) | 140 | 140 | 140 |
| висина при навалување | (mm) | 1730 | 2130 | 2219 |




E - Излез, кон грејни тела
I - Влез, од котел

S4 Сонда за мерење температура на системот за греење
S5 Сонда за заштита од прегревање

**ВНИМАНИЕ: Прикажаната шема е илустративна** и не потврдува комплетност од било кој аспект! Реализацијата на инсталацијата треба да биде спроведена во согласност со локалните стандарди и одредби.




## Бафер акумулатор

1. Цирк. пумпа од топлинска пумпа
2. Цирк. пумпа од котел
3. Цирк. пумпа за радијатори
4. Цирк. пумпа за подно греење
5. Вентил
6. Неповратен вентил
9. Компензатор
10. Топлинска пумпа
11. Котел
12. Радијатори
13. Подно греење
14. Сигурносен вентил
15. Распределители/Собирници
18. Трокрак вентил
19. Трокрак вентил
20. UniQube SQ-B Акумулатор, бафер

# ДОДАТОЦИ

## Електричен греач од не’рѓосувачки челик

УниКјуб бојлрите може да бидат опремени со горен електричен греач со нитегриран двоен термостат (работен безбедносен) на барање на корисникот.

Спојката за електричниот греач е со димензија од 6/4”



| Волумен на резервоар L | Спојка | Должина L mm | Ладна зона mm | Моќност W | AC Напон V |
|---|---|---|---|---|---|
| 310 | 6/4” | 650 | 300 | 2000 | 230 |
| 440 | 6/4” | 950 | 450 | 3000 | 230 |
| 800 | 6/4” | 950 | 450 | 3000 | 230 |

Во табелата за технички параметри е означена локацијата за инсталирање на електричниот греач.

**ОПАСНОСТ:**
Врзувањето на електричниот греач со напојувањето со електрична енергија мора да биде изведено од квалификуван електричар.
Пред вклучување на електричниот греач на електричната мрежа, обавезно да се провери дали е исправно заземјен.

Препорачаното ужичување на електричниот греач е прикажано на цртежите подолу, со цел да ја даде неговата номинална моќност.

## Електрична шема на врзување на електричен греач со вграден двоен термостат












**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**
Сите инсталациони зафати, вклучувајќи ги и рачните поставувања, мора да бидат извршени од квалификувани специјалисти при исолнети услови за безбедно ракување.

# ГАРАНЦИЈА

**Фабрички дефекти и гаранција за материјалите**

• Производителот експлицитно гарантира дека производите кои ги произведува ќе бидат без дефекти на материјалите и изработката, и дека производот ќе работи исправно и нормално при исправно ракување, за време на зададениот период во гарантниот лист за соодветниот бојлер кој што сте го купиле. Гарантниот период започнува со датумот назначен на фактурата со која е набавен од производителот. Ако се заклучи дека производот или било кој негов составен дел е дефектен при производство или има дефектни употребени материјали, производителот ќе го поправи или замени дефектниот дел/материјал или целиот производ.

**Исклучоци и ограничувања на гарантниот рок**

• Купувачот може да се повика на гаранцијата за време на гаранатниот период на соодветниот производ веднаш после забележувањето на било кој дефект, освен во случај на видливи надворешни естетски дефекти, забележливи во моментот на набавка, во кој случај купувачот мора да направи барање во самата продавница веднаш после приметувањето на дефектот како што тоа е прикажано во општите услови на продажба.

1. Несреќи, инсталирања на подвижна подлога, небрежност, нессодветна грижа или несообразност
2. Непридржување до упатствата за инсталирање, употреба и одржување кои се однесуваат на соодветниот производ
3. Несоодветна инсталација и употреба како и промени, особено ако тие не се направени од специјализиран постпродажен сервис на производителот
4. погонување на уредот на притисоци и температури повисоки од зададените од производителот, кои се запишани во упатството за употреба на производот, или употреба на вода со карактеристики кои надминуваат: растопени соли – 500 мг/л растворени соли; Калциум Карбонат – 200 мг/л; Слободен Јаглероден Диоксид – 50 мг/л; ph вредност – минимум 6 и максимум 11
5. Смрзнување, поплава, природни катастрофи или поради дејствија на трета страна како и интервенирање во условите на нормално функционирање на бојлерот и контрола од страна на производителот.

• Гаранцијата се смета за неважечка за бојлерот чиј сериски број бил променет, отстранет или заматен или не може јасно да се отчита
• Оштетувања во изгледот на производот не се сметаат за дефекти освен оние што предизвикуваат загуби за време на работата на уредот или промена на техничките карактеристики на бојлерот кои се зададени во неговата документација
• Производителот го задржува правото, во случај на замена, да достави друг модел на бојлер со цел да ја исполни одобрената гаранција доколку оригиналниот модел не се произведува повеќе.

**Поднесување на гаранција**

Секој купувач кој набавил бојлер од производителот и кој има добра причина да поднесе барање за гаранција, треба да постапи на следниот начин:
• Веднаш писмено да го извести: инсталатерот, или компанијата која му го продала бојлерот, или фирмата дистрибутер, или регионалниот комерцијален застапник на производителот. За таа цел подносителот треба да пополни формулар за барање кој треба да биде придружен со документ кој ја потврдува набавката на бојлерот (фактура, фискална сметка) а кој содржи датум на набавка.
• После приемот на барањето за гаранција, производителот го разгледува барањето, донесува одлука дали барањето има основа, и доколку установи дека дефектот е покриен со гарантната изјава и ограничувањата на гаранцијата, го информира купувачот за неговата одлука и чекорите кои ќе ги превземи.
• Враќањето на производот не може да биде извршено без писмено овластување од страна на одделот

за квалитет. Процедурата за враќање треба да биде во согласност со овластувањето за враќање на производот.

• Ако на барање на купувачот, и кога постои причина за хитност, купувачот побарува хитна замена на производот за кој има поднесено гарантно барање, пред донесувањето одлука на производителот, барањето треба да биде пропратено со официјална порачка до одделот за комерција. Производителот му испорачува производ за замена на дефектниот. Доколку, после тоа, се донеси одлука дека барањето е во согласност со гаранцијата на производот, тогаш официјалната порачка ќе се анулира и на купувачот ќе му се достави документ за вратена роба под гаранција. Доколку се донесе одлука дека барањето не е во согласност со гаранцијата на производот, тогаш купувачот мора да го плати новиот производ по моментална малопродажна цена.

• Производителот го задржува правото, да по поднесување на гарантно барање, изработи извештај на самото место на инсталација на производот со цел проверка на секој аспект кој може да биде корисен за подобар увид во гарантното барање; поради тоа, без претходно писмено одобрување од техничкиот оддел, купувачот не смее да прави било какви промени на условите на инсталација а кои може да се причина за поднесувањето на гарантното барање.

Еуротерм д.о.о., Леце Котески 50, Индустриска зона Билјана, 7500 Прилеп, Р. Македонија, тел. +389 48 419 415, факс +389 48 422 981, е-пошта info@solarico.eu, интернет страница www.solarico.eu

**Одрекнување на одговорност**

• Производителот не е одговорен пред купувачот, ниту директно ниту индиректно, за било кое неисполнување или закаснување при исполнувањето на обврските од гаранцијата, а кое настанало поради надворешен притисок од други околности надвор од самиот производител.

• Одговорноста на производителот под овој гарантен сертификат е ограничена со гореспоменатите обврски и тоа до сумата на чинење на производот за кој е прифатено гарантното барање; исклучена е било која одговорност од индиректни оштетувања како што се загуба на податоци кај апликациите од информатичката технологија, загуби во производство, појава на температурни варијации на водата при сервисирање на производот и тн. а при тоа со доверливоста на производот не се кршат било кои законски регулативи на земјата во која е инсталиран.

• Горенаведените ограничувања на гаранцијата ќе се применуваат во сите случаи под услов да не ги прекршуваат прописите за доверливоста на производот во земјата во која е инсталиран истиот. Ако под вакви околности се поништи некоја клаузула од горенаведените, тогаш поништувањето ќе важи само за таа клаузула а другите клаузули остануваат во сила.

• Секое друго гарантно право кое не е споменато во оваа гарантна изјава е исклучено, односн не важи.

# БЕЛЕШКИ

# БЕЛЕШКИ

# www.solarico.eu

## ГАРАНЦИЈА

| | |
|---|---|
| Тип | |
| Сериски број | |
| Гаранција | Резервоар: 30 години<br>Топлински изменувачи: 10 години |
| Датум на производство | |
| Потпис | |

Solarico®

Еуротерм д.о.о.
Леце Котески 50
Индустриска зона - Билјана
Прилеп, Р. С.Македонија
тел. +389 48 419 415
факс +389 48 422 981
е-пошта: info@solarico.eu